Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 167/0306
11.07 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28-ми јуни 2022 година, врз основа на примена жалба од Агенција за разузнавање на Република Северна Македонија, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Во емисијата „Заспиј ако можеш“, емитувана на 8-ми јуни 2022 година на Телевизија Алфа, има прекршување на член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 16-ти јуни 2022 година, Агенцијата за разузвавање на Република Северна Македонија поднесе жалба за емисијата „Заспиј ако можеш“, емитувана на 8-ми јуни на Телевизија „Алфа“ (www.alfa.mk).

Во жалбата се наведува дека во емисијата има неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во член 1 и член 13.

Од Агенцијата за разузнавање велат дека водителот на емисијата и новинар Горан Момировски изнел невистинити факти и дезинформации со намера да им наштети на угледот на Агенцијата за разузнавање и на актуелниот директор, како и да ја поткопа довербата во институцијата.

Жалителот наведува дека новинарот во емисијата зборува за случај кој го истражувал, а кој наводно индицирал дека сопруги на двајца високи државни функционери преку невладин систем, со поддршка и помош, учествувале во проект од кој, според негова претпоставка, зеле повеќе од 630 илјади евра. Жалителот смета дека со прашањето упатено до гостинката во емисијата, претседателката на Државна комисија за спречување на корупцијата, Билјана Ивановска, кое се однесувало за евентуални сомнежи за корупција, водителот дал одредена квалификација.

*„Се работи за најтешкиот вид на корупција, се нарекува трговија со влијание, најтешко докажливо дело..“ Со овие тврдења, новинарот, спротивно на член 1 став 2 од Кодексот, ги меша фактите и своето мислење, спротивно на принципите на Кодексо,т претпоставките ги презентира како факти, презентира инфографик со слики, имиња и информации за лица за кои тврди дека се инволвирани во тој случај, без да го потврди изнесените тези и невистини“,* наведува подносителот на жалбата.

Од Агенцијата за разузнавање нагласуваат и дека водителот во емисијата презентирал инфографика, што според жалителот, било во функција на засилување на манипулативниот наратив, на начин што тој ги доведувал гледачите во заблуда и не ѝ овозможил на јавноста да прави разлика помеѓу личното мислење, фактите и шпекулациите, односно дезинформациите оти наводно се работело за „трговија со влијание“. Во оваа насока, подносителот на жалбата цени дека со спомнувањето на функционери и поврзаноста (влијание) за добивање на пари, новинарот имал цел да ја манупулира јавноста дека владата ги доделувала тие средства, иако се работело за меѓународни фондови, за кои споменатите функционери немале никаква формално –правна надлежност.

Во продолжение, од Агенцијата забележуваат дека новинарот се потпирал само на неименувани „луѓе од внатре и од странство“ и не го испочитувал правилото на втора страна, презентирајќи само една страна, односно неговото тврдење и претпоставка. Оттаму, додаваат дека тој не направил обид да дојде до официјална, кредибилна и потврдена

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

информација од институција или друг субјект или од функционерите кој ги споменува, а врз основа на законските механизми и можности за пристап и комуникација со средствата за јавно информирање и правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

*„Новинарот сака да ја доведе во заблуда јавноста со објавување на информација, која патем е класифицирана, дека лично директорот на Агенцијата делегира членови во Комитетот за тероризам, и на тој начин искористувајќи ја својата позиција како функционер, извршил влијание во процесот на одлучување за доделување на грантови, меѓутоа новинарот не кажува какво е евентуалното влијание и каква е поврзаноста на директорот со членовите на Комитетот и нивната поврзаност со конкретниот случај“,* посочуваат од Агенцијата за разузнавање во поднесената жалба.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Алфа“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека во емисијата „Заспиј ако можеш“, емитувана на 8-ми јуни 2022 година на Телевизија „Алфа“, е прекршен во член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28-ми јуни 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Тие, најнапред, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Став на Комисијата за жалби е дека искажаните наводи на новинарот/водителот Горан Момировски во емисијата „Заспиј ако можеш“ содржат елементи на висок јавен интерес, зашто прашањата поврзани со евентуална злоупотреба на функцијата од страна на државните функционери се легитимна новинарска цел и не смеат да бидат изземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана.

Новинарот во емисијата изнесува сериозни сомнежи за потенцијален случај на корупција преку таканаречено „тргување со влијание“, притоа посочувајќи лица и невладини организации. Во рамките на истражувањето кое го вршел повеќе од шест месеци, Момировски наведува дека невладини организации, со кои раководеле сопругите на Вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Битиќи, и на директорот на Агенцијата за разузнавање, Ерол Муслиу, добиле грант од над 600 илјади евра за проект поврзан со рехабилитација на борци повратници од странските боишта. Неговите наводи одат во насока дека сопругите на Битиќи и Муслиу го добиле проектот, благодарение на влијанието на нивните сопрузи.

Новинарот во емисијата приложува и инфографик (шема) со фотографии и имиња и презимиња на државните функционери и на раководителите на четири невладини организации, вклучително и на сопругите на Муслиу и Битиќи, кои наводно биле инволирани во случајот со доделувањето на проектот. Притоа, во текот на 12-минутниот осврт на темата поставен е кајрон со наслов „Дали е корупција кога сопруги на високи државни функционери добиваат милионски проекти?“

Комисијата се согласи дека начинот на кој се презентирани информациите во емисијата се еднострани и со отстуство на повеќе значајни аспекти на темата. Новинарот не тврди, но постојано изнесува сомнежи и навестува потенцијален случај на корупција, без тоа да го поткрепи со изјави од засегнатите страни, одредени факти или аргументи, што ќе обезбедат пообјективна и поверодостојна информација. Комисијата констатираше дека новинарот воопшто и не посочи на кои индиции ги темели своите сомнежи за наводна „трговија со влијание“. Ова уште повеќе што новинарот не се обратил до ниту една од засегнатите страни за да обезбеди став за своите изнесени наводи во емисијата, како на пример:

***„Случајот кој што јас го истражувам со мала помош од луѓе од внатре и од странство, морам да бидам искрен, индицира дека сопруги на двајца високи државни функционери преку невладиниот систем, но со поддршка, помош, дошле до еден проект, учествувале во него и претпоставувам дека земале пари од над 620, 630 илјади евра.“***

***„Се работи за најтешкиот вид на корупција, се нарекува, да не го згрешам сега, „трговија со влијание“, најтешко докажливо дело... “***

***„Четири организации невладини, каде што во едната е главен човек Афродита Муслиу од „Нексус Граѓански концпет“, тоа е сопруга на Ерол Муслиу, и втората е Мирлинда Рушти Битиќи, „Иницијатива за европска перспектива“, кои што добиваат фантастичен проект од над 600 илјади евра“.***

***„Таа подоцна станува дел од тој фонд од 618 илјади евра буџет, за кој не може никој да ме разубеди дека не е направено со низа други меѓучекори“.***

За Комисијата е несфатливо како новинарот се впуштил во изнесување на вакви констатации без да консултира ниту една од страните. Неговите сомнежи, секако, можат и треба да бидат повод за новинарско истражување, но тие не треба да бидат јавно споделувани доколку не бидат контактирани сите инволвирани страни.

Оттука, Комисијата најде дека во предметната емисија „Заспиј ако можеш“ е прекршен **член 1** од Кодексот на новинарите, во делот дека новинарот треба да обезбеди „втора страна“, односно да им даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку преку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Комисијата нотираше и дека гостинка во предметната емисија е претседателката на Државната комисија за спречување на корупцијата, Билјана Ивановска, која во разговорот со новинарот вели дека не би можела да говори за конкретниот случај и дека треба добро да се проверат сомнежите.

Во однос на наводите во жалбата дека во емисијата е прекршен и член 13 од Кодексот на новинарите, Комисијата не најде прекршување на тој член, затоа што новинарите имаат право да коментираат, особено кога се работи за емисии во живо, како што е во случајов.

Став на Комисијата за жалби е дека критичкото следење на настаните, а особено на работата на носителите на јавни функции се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа, секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела. Во овој контекст, Комисијата го охрабрува истражувачкото новинарство, особено кога фокус на истражувањата се потенцијални злоупотреби од страна на државни функционери и институции.

Комисијата, на крајот, детектираше и дека дел од искажаните наводи на новинарот Момировски во емисијата, следниот ден беа пренесени од повеќе медиуми, кои исто така, се предмет на жалба пред Советот за етика во медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува телевизија Алфа (www.alfa.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595